Уп. Бр.08-137/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ, со седиште на Аспангер Штрасе 252, Питен, Австрија, преку полномошник Адвокатско друштво Апостолска Александровски и Партнери, од Скопје, на седницата одржана на ден 24.10.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ, со седиште на Аспангер Штрасе 252, Питен, Австрија стекнува директна контрола над друштвото Еурокарт С.Р.Л., со седиште на Иполито Ниево 5, Корнедо Вичентино, Виченца, Италија, по пат на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 13.09.2023 година, а дополнето на 14.09.2023, 18.09.2023 и 06.10.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од друштвото Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ, со седиште на Аспангер Штрасе 252, Питен, Австрија, со која Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ ќе стекне директна контрола над друштвото Еурокарт С.Р.Л., со седиште на Иполито Ниево 5, Корнедо Вичентино, Виченца, Италија, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Хамбургер Рисајклинг Груп Гмбх** е компанија која се бави со собирање, третман, препродажба на отпад, особено отпад од хартија.
Хамбургер Рисајклинг Груп Гмхб е во целосна сопственост на Prinzhorn Holding GmbH, Австрија, и е друштво кое е 100% во сопственост на Томас Принжорн Приватштифунг.
Хамбургер Рисајклинг Груп Гмбх нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница) во Република Северна Македонија, но има остварен промет од поврзани претпријатија на Одделот за пакување и Одделот за контејнери.

**Еурокарт С.Р.Л.** е друштво со ограничена одговорност, кое е активно во секторот за управување со отпад, вклучително и обезбедување на поврзани услуги.
Еурокарт С.Р.Л. нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница), ниту пак остварува било каков промет на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.
Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**